Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 09-443/4
31.05.2023 год
Новаци

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ

Одделение за комунални дејности,сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и ЛЕР

Врз основа на член 29 и 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Новаци Службен гласник на општина Новаци 7/2019) , и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Новаци за 2022 година со бр. 14-1079/17 од 29.12.2021 година, и Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Новаци за 2023 година со бр. 14-1056/12 од 15.12.2022 година, Градоначалникот на Општина Новаци го дава следното:

I

С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на повторна Јавна презентација и јавна анкета по Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци–вон град Општина Новаци за плански период 2021-2026 г.

Граници на планскиот опфатот по границите на парцели се :

На север : границите на КП бр. 1394/13, КП. Бр. 1394/11, КП. бр. 1394/10,, КП бр. 1394/9, и КП бр. 1394,
На исток: границата на КП бр. 1989/3,
На југ : ја сече КП бр. 2010
На запад:границите на КП бр. 1394, КП.бр. 1394/8, КП бр. 1394/7,Кп.бр. 1394/6, КП.бр.1394/5, КП.бр. 1394/4 и КП.бр. 1394/3

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот опфат изнесува 17,26 ха.

Повторната Јавната анкета и јавната презентација по Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија КО Новаци-вон град Општина Новаци, плански период 2021-2026 , ќе се спроведе со излагање на Планот во просториите на општина Новаци.

Јавната анкета ќе трае најмалку 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа **од 20.06.2023 година до 04.07.2023 година** , секој работен ден од 8,00 до 15,30 часот.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **27.06.2023 година(вторник)** во 11: 30 часот во просториите на општина Новаци.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски